До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во врска со тоа, дали постои судир на интереси во ситуација кога лице вработено во Министерството за спорт, на работно место советник во Одделението за инспекциски надзор, исто така врши функција во извршните органи на Национална спортска федерација.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Во конкретниот случај за кој се бара мислење Државната комисија смета дека треба да се имаат во предвид следните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

Член 2 став (3) го утврдува значењето на поимот „судир на интереси":
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".**

Согласно член 8 став (2): Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.

Со член 72 став (1) и (2) и член 75 е предвидено како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси и тоа:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 75
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Со член 69 и 70 од Законот за спорт (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016; 106/2016; 190/2016; 52/2019; 98/2019; 244/2019; 53/2024; 74/2024; 170/2024; 59/2025) предвиден е надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и надлежноста на инспекторите:
Член 69
„Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.
Инспекцискиот надзор го вршат инспектори на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот и овластени инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.
Инспекторите од ставот 2 на овој член имаат легитимација.
Образецот на легитимацијата од ставот 3 на овој член , го пропишува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на спортот.
На инспекторите од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот легитимација им издава функционерот кој раководи со органот, а на овластените инспектори

на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје легитимацијата им ја издава градоначалникот.“

Член 70
„Инспекторот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот врши надзор, особено на:
- остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на Република Македонија;
- на средствата за реализација на прифатените програми од јавен интерес во спортот во надлежност на Република Македонија;
- постоењето услови за вршење на дејност спорт кај спортските клубови, националните спортски федерации и МОК;
- остварувањето на Програмата;
- остварувањето на правата на спортистите;
- остварувањето на правата на спортските клубови и
- обезбедувањето и остварувањето на здравствената заштита на учесниците во спортските активности, како и обезбедувањето на итна медицинска помош од организаторот на спортски натпревари и манифестации.
Надзорот од став 1 на овој член го опфаќа и надзорот над спроведување и примена на законите и другите прописи што ги регулираат односите во областа на спортот, како и на субјектите што вршат дејност, во областа на спортот со кои се регулирани правата и обврските на учесниците во спортските активности.“

Со член 15 од Етичкиот кодекс за однесување на вработените во Министерството за спорт е предвидено избегнувањето на судир на интереси, неетичко однесување и неприфатливи активности на вработените во Министерството и тоа:
**„(1) Вработените во извршувањето на нивните овластувања и должности, избегнуваат било каков судир помеѓу јавниот и приватниот интерес, односно доведување на состојба на сомнеж за постоење на судир на интереси.**
(2) Вработените во извршувањето на должностите особено водат сметка за почитување на Уставот, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачите и другите прописи и обезбедуваат механизми за нивното почитување од страна на сите вработени во Министерството.
(3) Вработените во извршувањето на своите службени должности секогаш треба да постапуваат во служба на јавниот интерес, исклучувајќи ги своите приватни интереси, почитувајќи ги принципите за законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.“

Имајќи ги во предвид горе цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одредбите од Законот за спорт, Државната комисија е на став дека во

конкретниот случај доколку лицето извршува работни задачи како советник инспектор во Одделението за инспекциски надзор и е дел од извршните органи на Национална спортска федерација врз која треба да врши надзор, ќе настане судир на интереси согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Имено, доколку и во конкретна ситауција при вршење на инспекциски надзор во Националната спортска федерација каде лицето е дел од извршните органи, се иззема и постапи согласно член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сепак постои потенцијален судир на интереси, односно останува можноста за влијание на приватниот интерес врз непристрасното вршење на службени должности како советник инспектор, односно може да се доведете до постапување спротивно на законски утврденото начело на интегритет, како и да го повреди член 15 од Етичкиот кодекс за однесување на вработените во Министерството за спорт.**

Со создавање на состојба на потенцијален судир на интереси, се отвара можност и за појава на т.н. „реален" судир на интереси што придонесува до негативна перцепција на непристрасното работење како службено лице, а преку тоа и на целокупното работење на институцијата каде е вработен.

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска